**Предлагачи : Група пратеници**

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО,**
**ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

**Скопје, јули 2024 година**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
05. 07. 2024
08 3386/1

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Бојан Стојаноски
Ели Панова
Марија Мицева
Драгана Бојковска
Дафина Стојаноска



2

## В О В Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за концесии и јавно приватно партнерство се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Заради поефикасно функционирање на органите на државната управа и прилагодување на современите потреби во некои области, меѓу кои и во енергетиката, минералните суровини и рударството, се пристапи кон измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со кој се основаше ново Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

Надлежностите на ова министерство во системот на организацијата на органите на државната управа согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа се вршење на работите кои се однесуваат на:

- енергетиката, енергетската политика и планирањето на развојот во областа на електрична енергија,природен гас, нафта и деривати на нафта,топлотна енергија и термални води, како и други видови на енергија и нивна експлоатација;
- снабдувањето со енергија;
- спроведувањето на постапки за селекција и именување на органите на раководење, управување и надзор во правните лица од областа на енергетиката во целосна или доминантна државна сопственост;
- стратегијата и политиката за енергетска безбедност;
- рационалната употреба на енергијата и енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија;
- координацијата на работата и реализација на енергетските инвестиции;
- рударството, стратегија и политика за развој на рударството;
- експлоатацијата на минерални суровини и геолошки ресурси;
- геолошките истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини;
- изработката на програма за истражувачки работи од областа на основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите;
- надзорот од негова надлежност и
- други работи утврдени со закон.

Заради конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на ова министерство утврдени во новиот член 20-а од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24), потребно е законски интервенции

односно усогласување на овие одредби со одредбите на постојни закони со кои се уредува ова област.

Дополнително обврска од членот 30 од овој закон наметна должност државните органи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на законот да ги усогласат посебните закони со кои се уредуваат основањето, работите, надлежностите и другите општи акти со одредбите од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" број 121/24) .

Од овие причини и заради доследност и усогласување на посебните закони со органскиот закон за организација и работа на органите на државната управа се предлага измената и дополнувањето на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" број 121/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Републичкиот буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23), во член 13 во ставот 3 по зборовите: „претставници од“ се додаваат зборовите: „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини,“ а зборовите: „ Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,“ се заменуваат со зборовите: „ Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за транспорт, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и туризам,“.

Член 2

Во член 14 став 1 во воведната реченица зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 3

Во член 15-в во став 3 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 4

Во член 15-г во ставот 1 зборот „економија“ се заменува со зборовите : „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 5

Во член 15-ж во ставот 1 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

во ставот 3 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 6

Во член 55 во ставот 1 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 7

Во член 56 во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 3 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 4 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 8

Во членот 57 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 9

Подзаконските акти донесени до денот на влегувањето во сила на овој закон согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23), ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство содржи 10 члена.

Со членот 1 се дополнува составот на Советот за јавно приватно партнерство со преставник од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и се брише преставникот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања и закоординација со економските ресори и се усогласуваат називите на министерствата со Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24) .

Со членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 се врши замена на зборовите министерство за економија со зборовите министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, со што се усогласува Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24).

Членот 9 уредува дека сите подзаконски акти донесени согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23)до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат до донесувањето на нови согласно одредбите на овој закон, односно најдоцна шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Влегувањето во сила е уредено во членот 10.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНАТА ОДРЕДБА

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини утврдени во новиот член 20-а од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121 /24) .

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО,**
**КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Член 13**
**Совет за јавно приватно партнерство**

Владата на Република Северна Македонија основа Совет за јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: Советот) составен од 15 члена од кои еден е претседател и еден заменик-претседател на Советот.

Советот има советодавна улога на Владата на Република Северна Македонија, во областа на јавно приватно партнерство, врши промоција на јавно приватно партнерство, предлага проекти за јавно приватно партнерство, како и дава иницијатива со предлози за измени на прописите од оваа област.

Членови на Советот се претставници од Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Бирото за јавни набавки, ЗЕЛС, бизнис заедницата, како и независни експерти особено од областа на економијата и правото, имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на сите национални и етнички групи во Република Северна Македонија.

Советот донесува Деловник за својата работа.

Мандатот на членовите на Советот изнесува четири години.

Членовите на Советот за својата работа примаат надоместок по одржана седница.

Висината на надоместокот од ставот 6 на овој член ја определува Владата на Република Северна Македонија.

**Член 14**
**Надлежен орган за јавно приватно партнерство**

Надлежен орган за јавно приватно партнерство е Министерството за економија кое ги врши следниве работи:

- развива и спроведува мерки и активности со цел за постигнување и одржување на целосно транспарентен и ефикасен систем за јавно приватно партнерство,

- го води и одржува Регистарот за доделените договори за воспоставување на јавно приватно партнерство,

- изготвува предлози за измени на прописите од областа на јавно приватно партнерство, и дава инструкции за имплементирање на овој закон,

- организира и реализира едукација и обука од областа на јавно приватно партнерство за сите учесници во процесот,

- следи, анализира и дава стручна помош и мислење во делот на спроведување на постапките,

- следи, анализира и ги проучува актуелните европски и светски тенденции, знаења и искуства во областа на јавното приватно партнерство и

- врши и други работи и задачи поврзани со јавното приватно партнерство.

**Член 15-в**

Пред да започне со електронска аукција јавниот партнер врши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите од тендерската документација.

Јавниот партнер ги поканува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да достават нови цени или нови вредности за делот на понудата кој е предмет на електронска аукција. Поканата истовремено се доставува до сите понудувачи по електронски пат.

Во поканата се наведува датумот и времето на започнување на аукцијата, начинот на спроведување на аукцијата, како и сите потребни информации за поврзување со електронските средства што се користат во Министерството за економија.

Ако критериумот за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е економски најповолна понуда, во поканата се наведува и исходот од целосната евалуација на соодветната првична понуда на понудувачот до кој се испраќа поканата.

Електронското позитивно или негативно наддавање може да започне најрано два дена од датумот на кој се испратени поканите за учество на електронската аукција.

**Член 15-г**

Во случај кога е поднесена само една понуда која е прифатлива или останала само една прифатлива понуда, јавниот партнер задолжително го поканува единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку електронскиот систем за електронска аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во Министерството за економија.

Во случаите од ставот 1 на овој член поканата до единствениот понудувач особено содржи:

- идентификување на делот на понудата кој ќе биде предмет на поднесување на конечна цена и

- времето на поднесување на конечната цена кое не може да биде порано од 48 часа од испраќањето на поканата.

Единствениот понудувач ја поднесува конечната цена во утврденото време од ставот 2 алинеја 2 на овој член само еднаш, а доколку не поднесе конечна цена првично понудената цена ќе се смета за конечна.

**Член 15-ж**

Електронската аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство се спроведува во електронскиот систем за електронска аукција воспоставен во Министерството за економија.

Министерството за економија управува и оперира со електронскиот систем за електронска аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Начинот на користење на електронскиот систем за електронска аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство го пропишува министерот за економија.

**Член 55**
**Извештај за незавршена постапка**

За секоја започната, но незавршена постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, органот надлежен за спроведување на предметниот договор изготвува писмен извештај кој го доставува до Министерството за економија.

Владата на Република Северна Македонија ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот 1 на овој член.

**Член 56**
**Регистар на доделените договори**

За договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство, доделени согласно со овој закон се води регистар.

Регистарот од ставот 1 на овој член го води Министерството за економија. Податоците за секој доделен договор од ставот 1 на овој член, во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот се доставуваат на посебен образец до Министерството за економија.

Регистарот се објавува на веб страницата на Министерството за економија.

Владата на Република Северна Македонија ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот 1 на овој член и формата и содржината на образецот од ставот 3 на овој член.

**Член 57**
**Известување за измени на договорот**

Јавниот партнер е должни во рок од 30 дена од денот на настанатите измени на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство,

доделен согласно со овој закон, да ги пријави сите измени во врска со предметниот договор до Министерството за економија, на образецот од членот 56 од овој закон.